Смрт на фашизмот — Слобода на народот!

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса: „Службен весник на НРМ" — Скопје, и не се враќаат.

СКОПЈЕ
Сабота, 30 декември 1950 год.
Бр. 35 Год. VI

Овој број чини 6 дин. Претплата за една година изнесува 250 дин. Чековна сметка бр. 801.901812

## 247

Врз основа на член 73 точ. 9 од Уставот на Народна Република Македонија, а по предлог од Претседателот на Владата на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија донесе

### УКАЗ

### ЗА УКИНУВАЊЕ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ДРЖАВНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

Се укинува Министерството за државни земјоделски стопанства на Народна Република Македонија.

За раководење со работите од надлежноста на досегашното Министерство за државни земјоделски стопанства Владата на НРМ к'е основа Генерална дирекција за државни земјоделски стопанства на чело со генерален директор.

Генералниот директор е член на Советот за земјоделие и шумарство.

II

Владата на НРМ к'е го изврши овој Указ.

III

Овој Указ влегува во сила веднаш.

У. Бр. 46

Скопје, 13 ноември 1950 година.

**Президиум на Народното собрание на Народна Република Македонија**

За секретар,
**Крсте Црвенковски, с. р.**

Претседател,
**Богоја Фотев, с. р.**

## 248

Врз основа на чл. 21 од Основната уредба за откуп на земјоделски производи („Службен лист на ФНРЈ" бр. 53/50 год.), по предлог на Миистерот за државни набавки, Владата на Народна Република Македонија донесува

### УРЕДБА

### ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ОТКУП НА ОРИЗОВА АРПА ВО ЕКОНОМСКАТА 1951/52 ГОДИНА

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со цел да се обезбеди прехраната на населението со ориз во економската 1951/52 година к'е се врши задолжителен откуп на оризова арпа (нелупен ориз).

Оризова арпа должни се да и продаваат на државата индивидуалните земјоделски стопанства, селанските работни задруги и економиите на земјоделските задруги.

Член 2

Покрај индивидуалните земјоделски стопанства, селанските работни задруги и економиите на земјоделските задруги должни се да и продадат на државата оризова арпа и неземјоделците што се сопственици или ползувачи на земјиште засејано со ориз, како и лицата што зеле или дале земја под наем или исполица.

Министерот за државни набавки к'е донесе поблиски напатствија за задолжително продавање и за начинот на задолжувањето на неземјоделците и лицата што зеле или дале земја во наем или исполица.

Член 3

На овластените откупни претпријатија задолжително мора да се продаде и целокупниот уем што во натура се плак'а за вршење и лупење на оризова арпа, за чистење на семето и за други услуги.

Член 4

Откупот на оризова арпа к'е се врши по определените сврзани цени.

На производителите кои што по оваа Уредба испорачуваат оризова арпа, к'е им се издава за откупените количини, покрај износот на куповната цена, и бонови за купување индустриска стока по прописите за трговијата по сврзаните цени.

Член 5

Производителите од чл. 1 и 2 од оваа Уредба можат после извршувањето на доспелата обврска слободно да располагаат со преостаналите им количини оризова арпа.

Член 6

По правосилноста на решението за задолжител на испорака со оризова арпа производителите не можат да бидат дополнително задолжени со истиот производ.

Член 7

За секој 100 кгр. предадена оризова арпа откупното претпријатие на сопственикот к'е му издаде без накнада по 4 кгр. оризова плева.

ОДРЕДУВАЊЕ НА ОБВРСКАТА

Член 8

Селанските работни задруги и економиите на земјоделските задруги го испорачуваат на државата определениот дел на оризова арпа што е предвиден со стопанскиот план на задругата кој мора да биде по

тврден од страна на извршниот одбор на околискиот народен одбор.

Селанската работна задруга ги превзима обврските на оние земјоделци што к'е влезат во задругата после утврдувањето на нивната обврска.

Член 9

Со испорака на оризова арпа по оваа Уредба се задолжува, по правило, секое стопанство што произведи пазаришни одвишоци, без оглед на големината на обработивата површина.

Просечната норма со која се задолжува стопанството со задолжителна испорака изнесува од 80 до 98% од неговиот пазаришен одвишок утврден према просечниот годишен принос.

При задолжувањето на стопанството к'е се води сметка за големината на обработивата површина, производните можности и економската моќ' на стопанството, за исхраната и семе, како и за другите услови што можат да влијаат на големината на задолжителната испорака.

Член 10

Извршниот одбор на месниот народен одбор к'е изработи врз основа планот на откупот на оризова арпа што е добиен од извршниот одбор на околискиот народен одбор за сите стопанства на своето подрачје предлог на задолжувањето со задолжителна испорака на оризова арпа и к'е го објави на убичаен начин.

Член 11

Во рок од седум дена од денот на објавувањето на предлогот, извршниот одбор на месниот народен одбор е должен да свика собор на избирачите на кој к'е се претресува задолжувањето на секое стопанство со задолжителна испорака на оризова арпа. На овој собор мораат да се земат во претрес сите приговори што после објавувањето на предлогот или на самиот собор поодделно производителите ги дале против задолжувањата на сопственото или на некое туг'о стопанство.

Извршниот одбор на месниот народен одбор к'е ги испрати во рок од седум дена после одржаниот собор на избирачите на извршниот одбор на околискиот народен одбор своите предлози за задолжувањата со неусвоените приговори.

Член 12

Извршниот одбор на околискиот народен одбор водејк'и сметка за околискиот план на откуп, к'е го прегледа предлогот за задолжувањето и к'е внесе потребни измени во него.

Вака утврдениот план на задолжувањето к'е го врати извршниот одбор на околискиот народен одбор до извршниот одбор на месниот народен одбор.

Член 13

Пред есенската сеидба извршниот одбор на месниот народен одбор на секое земјоделско стопанство к'е му издаде решение за количината на оризова арпа што к'е биде должно да ја продаде на државата после дозревањето на оризовата арпа од родот на 1951 година.

Член 14

Извршиот одбор на месниот народен одбор к'е ги внесе пред есенската сеидба на оризот задолжувањето по количината со која што стопанството е задолжено во листот на стопанството, и тоа како во оној примерок што му се издава на производителот така и во оној што останува во месниот народен одбор.

Внесувањето на задолжувањето во листот на стопанството се смета како да е издадено решение за задолжувањето со количината на оризовата арпа.

Член 15

Против решението за задолжување со задолжителна испорака на оризова арпа, производителот има право на жалба до извршниот одбор на околискиот народен одбор во срок од 8 дена од денот на внесувањето на задолжувањето во листот на стопанството. Против решението за задолжување со оризова арпа производителот има право на жалба и во време на зреењето на оризовата арпа ако приносот од неа во целина пострадал поради сериозни елементарни непогоди.

Жалбата се подава писмено или усно во записник на извршниот одбор на месниот народен одбор кој е должен да ја испрати до извршниот одбор на околискиот народен одбор во срок од 3 дена.

Извршниот одбор на околискиот народен одбор е должен да донесе решение по жалбата во срок од 30 дена од денот кога што ја примил од извршниот одбор на месниот народен одбор.

Сите жалби што не се усвоени извршниот одбор на околискиот народен одбор должен е да ги испрати до Министерството за државни набавки кое што незаконитите решенија по право на надзор к'е ги поништи или укине. Извршниот одбор на околискиот народен одбор е должен да донесе ново решение по примедбите на Министерството за државни набавки.

Член 16

Ако родот на оризовата арпа во некои краишта пострада поради непогода (суша, град и сл.) Министерот за државни набавки во согласие со Министерот за земјоделие може после извршената проценка да ги намали во тие краишта количините на обврските за испорака на оризова арпа.

Член 17

Околиските народни одбори се должни да испратат на откупните претпријатија пред да почне со откупот извод на задолжувањата во кои к'е се покажат посебно за подрачјето на секој месен народен одбор, колку кое стопанство поименично е задолжено со задолжителна испорака на оризова арпа.

Член 18

Местото и начинот за испорака на оризовата арпа к'е ги определи извршниот одбор на околискиот народен одбор со своја наредба.

Член 19

Со цел да се спроведе евиденција на сеидбата и да се обезбеди навременоста на производството, производителите се должни после внесувањето на задолжувањето во листот на стопанството да изјават во месниот народен одбор колку ораничин површини к'е засејат со ориз.

Член 20

Во случај да не се извршат обврските од страна на производителите во определениот срок, извршниот одбор на месниот народен одбор должен е да поднесе пријава до јавниот обвинител за водење кривично-судска постапка.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 21

На производителите кои што од технички причини во времето на издавањето на задолжувањата не к'е добијат листи на стопанствата к'е им издаде извршниот одбор на месниот народен одбор одделно решение за задолжувањето со сите податоци.

Член 22

Поблиски прописи и напатствија за спроведување на оваа Уредба по потреба донесува Министерот за државни набавки во согласие со Министерот за земјоделие.

Член 23

Оваа уредба влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 5066, 26-XII-1950 год. Скопје.

Претседател на Владата на НРМ,
**Лазар Колишевски, с. р.**

Министер за државни набавки на НРМ,
**П. Менков, с. р.**

# 249

Врз основа на чл. 21 од Основната уредба за откуп на земјоделски производи („Службен лист на ФНРЈ" бр. 53/50), по предлог од Министерот за државни набавки, Владата на Народна Република Македонија донесува

## УРЕДБА
## ЗА ОТКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

За да се обезбеди прехраната на населението и за да се снабди индустријата со потребни суровини задолжително к'е се откупуваат во календарската 1951 година и во економската 1951/52 година следните земјоделски производи, и тоа:

а) во календарската 1951 година: месо, слаби свињи, маст (лој, масло), млеко и млечни производи и волна.

б) во економската 1951/52 година житарици (пшеница, раж, јачмен, овес и пченка), компир, грав и сено.

Откупот на оризовата арпа к'е се регулира со посебни прописи.

Член 2

Земјоделските производи од чл. 1 од оваа Уредба должни се да ги испорачаат на државата индивидуалните земјоделски стопанства, селанските работни задруги и економиите на земјоделските задруги.

Со испораката на земјоделските производи од чл. 1 од оваа Уредба се задолжуваат и неземјоделците кои се сопственици или подзувачи на земјоделско земјиште како и исполичарите и закупците на земја.

Поблиски прописи за начинот на задолжувањето на неземјоделците и лицата во наемен или исполичарски однос к'е донесе Министерот за државни набавки.

Член 3

На овластените откупни претпријатија мора задолжително да им се продаде и сиот ушур од вршалки, кршачи и крупачи, мелнички ушур, манипулативните одвишоци од мелниците и житариците што ги примаат фондовите за механизација и инвестициона изградба на задружното земјоделие и станиците за чистење како накнада во натура за своите услуги.

Мелничкиот ушур и ушурот од вршалки, што ги примаат земјоделските стопанства исто така мора за должително да им се продаде на овластените откупни претпријатија.

Член 4

За да би можеле производителите на време да пристапат кон производството на земјоделските производи што треба навремено да ги испорачат, извршните одбори на месните народни одбори мораат да им издадат пред есенската сеидба решенија за задолжувањето со задолжителна испорака на тие производи.

Член 5

По правосилноста на решението за задолжителна испорака производителите не можат да бидат дополнително задолжени со задолжителна испорака на истите производи.

Член 6

Откупот на земјоделските производи по оваа Уредба к'е се врши по определените сврзани цени.

На производителите кои по оваа уредба испорачуваат земјоделски производи, к'е им се издаваат за откупените производи, покрај исплатата на износот од куповната цена, и бонови за купување индустриска стока по прописите за трговијата по сврзани цени.

Член 7

По извршувањето на доспелата обврска производителите можат слободно да располагаат со преостаналите им количини на земјоделските производи

### НАЧЕЛА ЗА ОДРЕДУВАЊЕ ОБВРСКАТА

Член 8

Селанските работни задруги и економиите на земјоделските задруги го испорачуваат определениот дел на производството на земјоделските производи, што е предвиден со стопанскиот план на задругата кој што мора да биде потврден од страна на извршниот одбор на околискиот народен одбор.

Селанската работна задруга ги презима обврските на оние земјоделци што к'е влезат во задругата после утврдувањето на нивната обврска.

Член 9

Со испораката на земјоделските производи по оваа уредба се задолжува, по правило, секое стопанство што произведи пазаришни одвишоци, без оглед на земјишната површина.

Извршниот одбор на месниот народен одбор може, со оглед на економската сила на стопанството и на другите околности, да ослободи поодделни стопанства од испорака на земјоделските производи.

Член 10

Видовите на земјоделските производи по оваа уредба што к'е биле должно земјоделското стопанство да ги испорача на државата се определуваат по карактерот на неговото производство, а големината на задолжувањето према неговата економска сила.

Член 11

Пресметувањето големината на задолжувањето на земјоделското стопанство к'е се врши врз основа

на нормата што е определена за категоријата во која што стопанството е сврстано према големината на земјишна површина.

При определувањето нормата за задолжителната испорака на прозводите од член 1 точ. а) од оваа уредба к'е се води сметка и за стварната состојба на добитокот и за возможноста да се држи добиток на земјоделското стопанство.

По исклучение од прописите од ст. 1 од овој чл. извршниот одбор на месниот народен одбор, во согласност со извршиот одбор на околискиот народен одбор, може да го задолжи земјоделското стопанство, со оглед на квалитетот на неговото земјиште, на стварниот број на добитокот и на возможноста на производството, со количина на земјоделскиот производ што е поголема од највисоката односно помала од најниската норма што е предвидена за категоријата во која што тоа спаѓа.

Член 12

Спрема поседовната обработива земјишна површина индивидуалните земјоделски стопанства се сврстуваат во следните категории:

| Категорија: | |
|---|---|
| I | до 2 ха |
| II | од 2 до 3 ха |
| III | од 3 до 5 ха |
| IV | од 5 до 8 ха |
| V | од 8 до 10 ха |
| VI | од 10 до 15 ха |
| VII | од 15 па нагоре |

Во обработлива површина влегуваат: ораници, бавчи, овоштарници, лозја и ливади.

Член 13

Големината на задолжувањето на поодделно стопанство се пресметува:

а) за маст, месо, слаби свињи, млеко и млечни производи, по ораниците, овоштарниците и ливадите, а се земат во оглед и пасиштата со кои стопанството располага;

б) за житарици, кромпир и грав, по ораниците иземајк'и површините под контрахирани индустриски растенија;

в) за сено, по ораниците и ливадите иземајк'и ги површините под контрахирани индустриски растенија;

г) за волна, по едно грло овца.

Член 14

Спрема производството на поодделни видови на земјоделските производи подрачјето на Народна Република Македонија се дели на следните реони:

а) **за откуп на месо:** во први реон: околија — град Куманово, Скопје, Битола, Прилеп, Кавадарци, Свети Николе и Струмица

Во други реон: околија — град — Тетово, Титов Велес, Гостивар, Штип, Г'евг'елија, Кочани и Радовиш.

Во трети реон: околија — град — Г'орче Петров, Крива Паланка, Охрид, Брод, Дебар, Демир Хисар, Кичево, Крушево, Ресен, Струга, Берово, Кратово и Делчево.

б) **за откуп на маст:** во први реон: околија — град — Куманово, Скопје, Битола, Прилеп, Кавадарци, Свети Николе, Струмица и Тетово.

Во други реон: околија — град — Титов Велес. Гостивар, Штип, Г'евг'елија, Кочани, Радовиш, Берово и Делчево.

Во трети реон: околија — град — Г'орче Петров, Крива Паланка, Охрид, Брод, Дебар, Демир Хисар, Кичево, Крушво, Ресен, Струга и Кратово.

в) **за откуп на млеко и млечни производи:** во први реон: околија — град — Куманово, Скопје, Битола, Прилеп, Кавадарци, Свети Николе, Струмица, Г'евг'елија и Кочани.

Во други рен: околија — град — Тетово, Титов Велес, Гостивар, Штип, Радовиш, Берово и Делчево.

Во трети реон: околија — град — Г'орче Петров, Крива Паланка, Охрид, Брод, Демир Хисар, Кичево, Крушево, Ресен, Струга и Кратово.

г) **за откуп на волна:** во први реон: околија — град — Куманово, Скопје, Битола, Прилеп, Штип, Струмица, Г'евг'елија, Кавадарци, Кочани и Свети Николе.

Во други реон: околија — град — Тетово, Титов Велес, Берово, Демир Хисар, Кичево, Крушево, Охрид, Ресен, Струга, Кратово, Радовиш, Делчево и Гостивар.

Во трети реон: околија — град — Г'орче Петров, Крива Паланка, Брод и Дебар.

д) **за откуп на житарици:** во први реон: околија — град — Куманово, Тетово, Гостивар, Скопје, Битола, Прилеп, Струмица, Кавадарци и Свети Николе.

Во други реон: околија — град — Титов Велес, Охрид, Ресен, Струга, Штип, Берово, Г'евг'елија, Кочани, Кратово, Радовиш и Делчево.

Во трети реон :околија — град — Г'орче Петров, Крива Паланка, Брод, Дебар, Демир Хисар, Кичево, и Крушево.

г') **за откуп на грав:** во први реон: околија — град — Тетово, Гостивар и Струга.

Во други реон: околија — град — Битола, Демир Хисар ,Кичево, Охрид, Прилеп и Ресен.

Во трети реон: околија — град Куманово, Титов Велес, Г'орче Петров, Крива Паланка, Скопје, Брод, Дебар, Крушево, Штип, Струмица, Берово, Г'евг'елија, Кавадарци, Кочани, Кратово, Радовиш, Свети Николе и Делчево.

е) **за откуп на кромпир:** во први реон: околија — град — Битола, Берово, Струмица и Скопје.

Во други реон: околија — град Гостивар, Крива Паланка, Тетово, Титов Велес, Кичево, Делчево, Радовиш и Кочани.

Во трети реон: околија — град — Куманово, Г'. Петров, Охрид, Прилеп, Брод, Дебар, Демир Хисар, Крушево, Ресен, Струга, Штип, Г'евг'елија, Кавадар ци Кратово и Свети Николе.

ж) **за откуп на сено:** во први реон: околија — град — Гостивар, Скопје, Битола и Прилеп.

Во други реон: околија — град — Тетово, Охрид, Ресен, Струга, Берово, Кочани, Струмица и Делчево.

Во трети реон: околија — град — Куманово, Титов Велес, Г'. Петров, Крива Паланка, Брод, Дебар, Демир Хисар, Кичево, Крушево, Г'евг'елија, Кавадарци, Кратово, Радовиш, Свети Николе и Штип.

### Член 15

Нормите за задолжувањето со задолжителна испорака, кои се одредуваат по 1 хектар земјишна површина (чл. 12) во кгр. се следните:

| Категорија | I реон | II реон | III реон |
|---|---|---|---|
| а) за месо | | | |
| I | до 70 | до 60 | до 50 |
| II | 15 до 70 | 10 до 60 | 5 до 50 |
| III | 20 до 80 | 15 до 70 | 10 до 60 |
| IV | 30 до 100 | 20 до 80 | 15 до 70 |
| V | 35 до 120 | 25 до 100 | 20 до 80 |
| VI | 40 до 150 | 30 до 130 | 25 до 110 |
| VII | 60 до 200 | 50 до 180 | 40 до 150 |
| б) за маст | | | |
| I | до 15 | до 10 | — |
| II | до 15 | до 10 | — |
| III | 5 до 20 | до 15 | — |
| IV | 7 до 25 | 5 до 20 | — |
| V | 10 до 30 | 7 до 25 | — |
| VI | 15 до 40 | 10 до 30 | — |
| VII | 20 до 50 | 15 до 40 | — |
| в) за млеко | | | |
| I | до 200 | до 150 | до 100 |
| II | 20 до 200 | 15 до 150 | 10 до 100 |
| III | 30 до 250 | 20 до 200 | 15 до 150 |
| IV | 40 до 280 | 30 до 230 | 20 до 180 |
| V | 50 до 310 | 40 до 260 | 30 до 210 |
| VI | 60 до 350 | 50 до 300 | 40 до 250 |
| VII | 70 до 400 | 60 до 350 | 50 до 300 |
| г) за житарици | | | |
| I | до 400 | до 300 | — |
| II | 40 до 500 | 30 до 400 | — |
| III | 60 до 600 | 40 до 500 | — |
| IV | 100 до 700 | 80 до 600 | — |
| V | 150 до 800 | 110 до 700 | — |
| VI | 200 до 900 | 150 до 800 | — |
| VII | 250 до 1000 | 200 до 900 | — |
| д) за грав | | | |
| I | до 150 | до 80 | — |
| II | 30 до 200 | 20 до 120 | — |
| III | 40 до 250 | 30 до 170 | — |
| IV | 50 до 300 | 40 до 250 | — |
| V | 50 до 300 | 40 до 250 | — |
| VI | 50 до 300 | 40 до 250 | — |
| VII | 50 до 300 | 40 до 250 | — |
| ѓ) за компир | | | |
| I | до 700 | до 600 | — |
| II | 150 до 900 | 100 до 800 | — |
| III | 200 до 1300 | 150 до 1000 | — |
| IV | 300 до 1800 | 200 до 1400 | — |
| V | 300 до 1800 | 200 до 1400 | — |
| VI | 300 до 1800 | 200 до 1400 | — |
| VII | 300 до 1800 | 200 до 1400 | — |
| е) за сено | | | |
| I | до 200 | — | — |
| II | до 300 | — | — |
| III | до 400 | — | — |
| IV | до 500 | — | — |
| V | до 600 | — | — |
| VI | до 800 | — | — |
| VII | до 1000 | — | — |

ж) за волна: од секоја овца за I реон од 500 до 1.200 гр., за II реон од 400 до 1.000 гр. и за III реон од 300 до 800 гр.

Задолжувањата во третиот реон за производи за кои не се дадени норми к'е се вршат индивидуално за секое поедино стопанство, а за сеното и во вториот реон.

### Член 16

Производителите задолжени со испорака на месо к'е ја вршат својата обврска со предавање на државата добиток од макар каков вид, и тоа: говеда (волови, бикови, биволи, крави, јунци, телиња), свињи (слаби, згоени и прасиња), овци и јагниња. Својата обврска можат да ја измират во целина или делимично и со испорака на живина (кокошки, мисирки и гуски).

При испораката на дебели свињи месото к'е се засмета во задолжителната испорака на месо, а сланината во задолжителната испорака на маст.

Земјоделските стопанства што немаат услови за гоење или не се занимаваат со гоење на свињи, својата задолжителна испорака на маст можат да ја извршат со предавање на државата определени количини на други масноти за јадење (лој, масло и сл.) во сразмера што к'е ја одреди Министерот за државни набавки.

Министерот за државни набавки во согласие со Министерот за земјоделие к'е ги пропише условите на кои мора да одговара добитокот, дебелите и слабите свињи, маста и живината што се однесува до квалитетот при испораката на откупните претпријатија; како и за пресметувањето на месото и маста при испорака на дебели свињи.

### Член 17

Млекото треба да се даде свежо, како што е намолзено, чисто и процедено, а преработките од млеко полномасни и зрели.

Сразмерата помеѓу свежото млеко и преработки те од млеко ја утврдува Министерот за државни набавки во согласие со Министерот за земјоделие.

Извршниот одбор на месниот народен одбор во споразум со извршниот одбор на околискиот народен одбор може, со оглед на комуникационите врски, да одреди кои производители се задолжуваат со испорака на преработки од млеко.

### Член 18

Компирот кој к'е се испорачува не треба да содржи страни примеси но треба да е крупен, квалитетен и неоштетен.

До колку компирот не одговара на минималните квалитетни услови нема да се прима за сметка на задолжителната испорака.

Министерот за државни набавки к'е донесе поблиски прописи за минималните квалитетни услови за испорака на компирот.

## ПОСТАПКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ

### Член 19

Извршниот одбор на месниот народен одбор к'е изработи врз основа на планот за откуп што е добиен од извршниот одбор на околискиот народен одбор за сите стопанства на своето подрачје предлог на задолжувањето со задолжителна испорака на земјоделски производи и к'е го објави на уобичаениот начин.

Во срок од 7 дена од денот на објавувањето на предлогот, извршниот одбор на месниот народен одбор, должен е да свика собрание на избирачите на кое што к'е се претресува задолжувањето на секое стопанство. На ова собрание мораат да се земат во претрес сите приговори што после објавувањето на предлогот или на самото собрание поодделени производители ги дал против задолжувањето на сопственото или на некое туг'о стопанство.

Извршниот одбор на месниот народен одбор к'е ги испрати во срок од 7 дена после одржаното собрание на избирачите, на извршниот одбор на околискиот народен одбор своите предлози за задолжувањата со приговорите што не се примени.

Член 20

Извршниот одбор на околискиот народен одбор водејк'и сметка за околискиот план за откуп, к'е го прегледа предлогот за задолжувањето и к'е внесе потребни измени во него.

Вака утврдениот план на задолжувањето к'е го врати извршниот одбор на околискиот народен одбор на извршниот одбор на месниот народен одбор.

Член 21

Извршниот одбор на месниот народен одбор к'е ги внесе пред есенската сеидба задолжувањата по видот и количината за сите земјоделски производи со кои што е стопанството задолжено во листот на стопанството и тоа како во оној примерок што му се издава на производителот така и во оној што останува во месниот народен одбор.

Внесувањето на задолжувањето во листот на стопанството се смета како да е издадено решение за задолжувањето по видот и количината на земјоделските производи.

При внесувањето на задолжувањето во листот на стопанството к'е му се издаде на призводителот и писмено решение за сроковите на испораката на поодделни делови на обврската во месо, слаби свињи и во маст и млеко.

Член 22

Против решението за задолжување со задолжителна испорака производителот има право на жалба до извршниот одбор на околискиот народен одбор во срок од 8 дена од денот на внесувањето на задолжувањата во листот на стопанството. Против задолжувањето со производите од точ. б) на чл. 1 од оваа Уредба производителите имаат право на жалба и во време зреењето на овие производи, ако нивниот принос во целина потфрли поради сериозни елементарни непогоди.

Жалбата се подава писмено или усно во записник на извршниот одбор на месниот народен одбор, кој е должен да ја испрати до извршниот одбор на околискиот народен одбор во срок од три дена.

Извршниот одбор на околискиот народен одбор должен е да донесе решение по жалбата во срок од 30 дена од денот кога што ја примил од извршниот одбор на месниот народен одбор.

Сите жалби што не се усвоени извршниот одбор на околискиот народен одбор должен е да ги испрати до Министерството за државни набавки кое што незаконитите решенија по право на надзор к'е ги поништи или укине.

Член 23

Местото и начинот на испораката на земјоделските производи што се испорачуваат еднаш годишно, к'е ги определи извршниот одбор на околискиот народен одбор со своја наредба.

Член 24

Со цел да се спроведе евиденцијата и да се обезбеди навременоста на производството, производителите се должни после внесувањето на задолжувањето во листот на стопанството да изјават во месниот народен одбор колку ораничи површини к'е засејат и со кои од овние производи што се должни да ги испорачат.

Член 25

Во случај да не се извршат обврските од страна на призводителите во определениот срок, извршниот одбор на месниот народен одбор е должен да поднесе пријава на јавниот обвинител за водење кривичносудска постапка.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 26

На производителите кои што од технички причини во времето на издавањето на задолжувањата не к'е добијат листи на стопанството к'е им издаде извршниот одбор на месниот народен одбор одделно писмено решение за задолжувањето со сите податоци.

Член 27

Поблиски прописи за извршување на оваа Уредба донесува Министерот за државни набавки во согласие со Министерот за земјоделие.

Член 28

Оваа уредба влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 5067, 26-XII-1950 год. Скопје.

Претседател на Владата на НРМ,
**Лазар Колишевски, с. р.**

Министер за државни набавки на НРМ,
**П. Менков, с. р.**

**250**

Врз основа на чл. 4 и 56 од Законот за државните матични книги донесувам

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА МАТИЧНИ ПОДРАЧЈА

I. — Државните матични книги к'е се водат при следните градски и месни народни одбори:

А.— ГРАД СКОПЈЕ

При Градскиот народен одбор во Скопје за подрачјето на:

а) градот Скопје и селата Горно Водно и Долно Водно;

б) селото Горно Лисиче и

в) селото Маџари.

За подрачјето на селото Горно Лисиче и за подрачјето на селото Маџари к'е се водат одделни матични книги од матичните книги за подрачјето на градот Скопје и селата Горно Водно и Долно Водно.

Б. — ГРАДОВИ ИЗДВОЕНИ ОД СОСТАВОТ НА ОКОЛИЈАТА

1) при Градскиот народен одбор во Битола за подрачјето на градот Битола;

2) при Градскиот народен одбор во Куманово за подрачјето на градот Куманово;

3) при Градскиот народен одбор во Охрид за подрачјето на градот Охрид;

4) при Градскиот народен одбор во Прилеп за подрачјето на градот Прилеп и селата Варош, Дабница, Присад и Селце;

5) при Градскиот народен одбор во Струмица за подрачјето на градот Струмица и селата Баница, Водача и Градско Балдовци;

6) при Градскиот народен одбор во Тетово за подрачјето на градот Тетово и селото Лавце;

7) при Градскиот народен одбор во Титов Велес за подрачјето на градот Титов Велес и селото Ново Село;

8) при Градскиот народен одбор во Штип за подрачјето на градот Штип и селото Ново Село.

В. — ОКОЛИИ

**а) Беровска околија**

1) при Градскиот народен одбор во Берово за подрачјето на градот Берово;

2) при Градскиот народен одбор во Пехчево за подрачјето на градот Пехчево и селата Негрево и Чифлик;

3) при Месниот народен одбор во Будинарци за подрачјето на селото Будинарци;

4) при Месниот народен одбор во Владимирово за подрачјето на селото Владимирово;

5) при Месниот народен одбор во Двориште за подрачјето на селото Двориште;

6) при Месниот народен одбор во Митрашинци за подрачјето на селото Митрашинци;

7) при Месниот народен одбор во Рабово за подрачјето на селата Мачево, Рабово и Умлани;

8) при Месниот народен одбор во Ратево за подрачјето на селото Ратево;

9) при Месниот народен одбор во Русиново за подрачјето на селото Русиново;

10) при Месниот народен одбор во Стоимирово за подрачјето на селото Стоимирово;

11) при Месниот народен одбор во Црник за подрачјето на селото Црник.

**б) Битолска околија**

1) при Месниот народен одбор во Бач за подрачјето на селата Бач, Гермијан, Живојно и Сович;

2) при Месниот народен одбор во Бистрица за подрачјето на селата Бистрица, Злокук'ани, Кравари, Крстоар и Олевени;

3) при Месниот народен одбор во Брод за подрачјето на селата Брод, Добровени, Полог, Скочивир и Сливица;

4) при Месниот народен одбор во Будаково за подрачјето на селата Алинци, Будаково, Путурус, Радобор и Трап;

5) при Месниот народен одбор во Буково за подрачјето на селата Буково и Ореово;

6) при Месниот народен одбор во Велушина за подрачјето на селата Велушина и Острец;

7) при Месниот народен одбор во Граешница за подрачјето на селата Граешница, Драгош и Кишава;

8) при Месниот народен одбор во Дедебалци за подрачјето а селата Арматуш, Г. Агларци, Дедебалци, Далбеговци, Долно Агларци и Црничани;

9) при Месниот народен одбор во Дихово за подрачјето на селата Братиндол, Дихово, Магарево, Нижеполе и Трново;

10) при Месниот народен одбор во Добрушево за подрачјето на селата Горна Чарлија, Добрушево, Дол на Чарлија, Мусинци и Ношпал;

11) при Месниот народен одбор во Ивањевци за подрачјето на селата Дрвеник, Ивањевци, Новоселани, Подино, Свети Тодор и Трновци;

12) при Месниот народен одбор во Кажани, за подрачјето на слата Гопеш, Доленци, Г'агато, Кажани, Лера и Маловиште;

13) при Месниот народен одбор во Кременица за подрачјето на селата Букри, Горно Егри, Долно Егри, Кременица, Мецетли и Средно Егри;

14) при Месниот народен одбор во Кукуречани за подрачјето на селата Горно Оризари, Драгарино, Крклино, Кукуречани, Раштани и Снегово;

15) при Месниот народен одбор во Лавци за подрачјето на селата Брусник и Лавци;

16) при Месниот народен одбор во Логоварди за подрачјето на селата Долно Оризари, Карамани, Логоварди, Оптичари, Поешево и Трн;

17) при Месниот народен одбор во Макзво за подрачјето на селата Брник, Ивени, Маково, Мојно, Орле и Рапеш;

18) при Месниот народен одбор во Могила за подрачјето на селото Могила;

19) при Месниот народен одбор во Новаци за подрачјето на селата Билјаник, Добромири, Новаци и Рибарци;

20) при Месниот народен одбор во Породин за подрачјето на селата Барешани, Жабени, Канино, Лажец и Породин;

21) при Месниот народен одбор во Српци за подрачјето на селата Беранци, Вашарејца, Лознани и Српци;

22) при Месниот народен одбор во Старовина за подрачјето на селата Будимирци, Градешница, Група, Зовик' и Старовина;

23) при Месниот народен одбор во Суводол за подрачјето на селата Врањевци, Грумази, Мегленци, Ореово, Паралово и Суводол;

24) при Месниот народен одбор во Тепавци за подрачјето на селата Балдовенци, Велесело, Гнеотино Гнилеш, Ново Село и Тепавци;

25) при Месниот народен одбор во Цапари за подрачјето на селата Рамна, Ротино, Српци и Цапари;

26) при Месниот народен одбор во Црнобуки за подрачјето на селата Драгожани, Змирнево, Лисолај, Секирани, Старо Змирнево и Црнобуки;

27) при Месниот народен одбор во Црноец за подрачјето на селата Габаловци, Лопатица, Метимир, Облаково, Свињиште, Стрежево и Црноец.

**в) Бродска околија**

1) при Месниот народен одбор во Брезница за подрачјето на селата Брезница и Тажево;

2) при Месниот народен одбор во Брод за подрачјето на селата Брод, Девич, Дреново, Латово, Сланско, Суви Дол и Требино;

3) при Месниот народен одбор во Дебреште за подрачјето на селата Борино, Дебреште, Јакреново, Кошино, Крапа и Саждево;

4) при Месниот народен одбор во Здуње за подрачјето на селата Близанско и Здуње;

5) при Месниот народен одбор во Ижиште за подрачјето на селата Дворци, Ижиште, Пласница и Прегловo;

6) при Месниот народен одбор во Горни Манастирец за подрачјето на селата Горни Манастирец, Долни Манастирец, Драгов Дол, Инче, Томино Село и Тополница;

7) при Месниот народен одбор во Модриште за подрачјето на селата Белица, Вир, Калугерец, Локвица, Могилци, Модриште и Црешњево;

8) при Месниот народен одбор во Растеж за подрачјето на селата Битово, Волче, Горно Ботушје, Долно Ботушје, Заград, Косово, Растеж и Требовље;

9) при Месниот народен одбор во Русјаци за подрачјето на селата Ореовец и Русјаци;

10) при Месниот народен одбор во Самоков за подрачјето на селата Бенче, Брест, Звечан, Зркле, Ковче, Љубиште, Рамно, Самоков и Сушица;

11) при Месниот народен одбор во Слатина за подрачјето на селата Горно Крушје, Грешница, Долно Крушје и Слатина.

**г) Гевгелиска околија**

1) при Градскиот народен одбор во Валандово за подрачјето на градот Валандово и селата Дедели, Раброво и Честово;

2) при Градскиот народен одбор во Гевгелија за подрачјето на градот Гевгелија и селото Мрзенци;

3) при Месниот народен одбор во Башибоз за подрачјето на селата Бајрамбоз, Башибоз, Волунгули, Кочули, Курдамзали и Органџали;

4) при Месниот народен одбор во Богданци за подрачјето на селата Богданци и Гавато;

5) при Месниот народен одбор во Богородица за подрачјето на селото Богородица;

6) при Месниот народен одбор во Горничет за подрачјето на селата Горничет, Конско, Моин и Хума;

7) при Месниот народен одбор во Јосифово за подрачјето на селата Ајранли, Вејсели, Јосифово, Плавуш и Терзели;

8) при Месниот народен одбор во Казандол за подрачјето на селото Казандол;

9) при Месниот народен одбор во Марвинци за подрачјето на селата Белинци, Брајковци, Грчиште и Марвинци;

10) при Месниот народен одбор во Миравци за подрачјето на селата Габрово, Давидово, Милетково, Миравци и Петрово;

11) при Месниот народен одбор во Негорци за подрачјето на селата Кованци, Негорци, Прдејци и Смоквица;

12) при Месниот народен одбор во Нови Дојран за подрачјето на селата Гопчели, Николиќ, Нови Дојран, Сретеново, Стари Дојран, Фурка, Црничани и Чаушли;

13) при Месниот народен одбор во Пирава за подрачјето на селото Пирава;

14) при Месниот народен одбор во Севендекли за подрачјето на селата Дурутли, Севендекли и Џумабоз;

15) при Месниот народен одбор во Серменин за подрачјето на селото Серменин;

16) при Месниот народен одбор во Стојаково за подрачјето на селата Селемли и Стојаково;

17) при Месниот народен одбор во Удово за подрачјето на селата Арзанли, Баракли, Башали, Градец, Гулели и Удово;

18) при Месниот народен одбор во Чалакли за подрачјето на селата Прстен, Собри, Татарли и Чалакли.

**д) Гостиварска околија**

1) при Градскиот народен одбор во Гостивар за подрачјето на градот Гостивар;

2) при Месниот народен одбор во Беловиште за подрачјето на селата Беловиште, Куново и Лакавица;

3) при Месниот народен одбор во Врапчиште за подрачјето на селата Врапчиште и Галате;

4) при Месниот народен одбор во Вруток за подрачјето на селата Вруток, Мердита, Печково и Равен;

5) при Месниот народен одбор во Градец за подрачјето на селата Горјане, Градец и Пирок;

6) при Месниот народен одбор во Дебреше за подрачјето на селата Брањовце, Дебреше, Зубовце и Ново Село;

7) при Месниот народен одбор во Добри Дол за подрачјето на селата Добри Дол, Пожарани и Топлица;

8) при Месниот народен одбор во Долна Баница за подрачјето на селата Горна Баница, Долна Баница и Сушица;

9) при Месниот народен одбор во Здуње за подрачјето на селата Горно Јеловце, Долно Јеловце, Здуње и Лешница;

10) при Месниот народен одбор во Корита за подрачјето на селото Корита;

11) при Месниот народен одбор во Кракорница за подрачјето на селата Богдево, Бродец, Кракорница и Ничпур;

12) при Месниот народен одбор во Неготино за подрачјето на селата Ѓурѓевиште, Калиште, Ломница, Неготино и Сенокос;

13) при Месниот народен одбор во Никифорово за подрачјето на селата Леуново, Маврово и Никифорово;

14) при Месниот народен одбор во Нистрово за подрачјето на селата Бибај, Жужње и Нистрово;

15) при Месниот народен одбор во Падалиште за подрачјето на селата Железна Река, К'афа и Падалиште;

16) при Месниот народен одбор во Речане за подрачјето на селата Дуф, Ново Село, Орк'уше и Речане;

17) при Месниот народен одбор во Рибница за подрачјето на селата Грекај, Нивиште, Рибница и Тануше;

18) при Месниот народен одбор во Симница за подрачјето на селата Горна Гоновица, Долна Гоновица, Митрови Крсти, Симница, Сретково и Церово;

19) при Месниот народен одбор во Србиново за подрачјето на селата Србиново, Стројане и Трново;

20) при Месниот народен одбор во Стенче за подрачјето на селата Волковија и Стенче;

21) при Месниот народен одбор во Трница за подрачјето на селата Беличица, Волковија, Врбен, Кичиница, Сенце и Трница;

22) при Месниот народен одбор во Чајле за подрачјето на селата Балин Дол, Мало Турчане и Чајле;

23) при Месниот народен одбор во Чегране за подрачјето на селата Тумчевиште, Форино и Чегране.

**ѓ) Дебарска околија**

1) при Градскиот народен одбор во Дебар за подрачјето на градот Дебар и селата Елевци и Рајчица;

2) при Месниот народен одбор во Баланци за подрачјето на селата Баланци, Броштица, Голем Па-

прадник, Горенци, Житињани, Мал Папрадник и Парещи;

3) при Месниот народен одбор во Баниште за подрачјето на селата Аме, Баниште и Кривци;

4) при Месниот народен одбор во Врбјани за подрачјето на селото Врбјани;

5) при Месниот народен одбор во Галичник за подрачјето на селата Галичник и Сушица;

6) при Месниот народен одбор во Долно Косоврасти за подрачјето на селата Горно Косоврасти, Горно Мелничани, Долно Косоврасти, Долно Мелничани, Могорче и Осој;

7) при Месниот народен одбор во Евла за подрачјето на селата Долгаш, Евла и Елевци;

8) при Месниот народен одбор во Жировница за подрачјето на селата Болетин, Видуше и Жировница;

9) при Месниот народен одбор во Коњаре за подрачјето на селата Бомово и Коњаре;

10) при Месниот народен одбор во Коџаџик за подрачјето на селата Брештани, Кочишта, Коџаџик, Новак, Осолница и Проваленик;

11) при Месниот народен одбор во Лазарополе за подрачјето на селата Гари, Лазарополе, Росоки, Селце и Тресонче;

12) при Месниот народен одбор во Модрич за подрачјето на селата Дренок и Модрич;

13) при Месниот народен одбор во Присојница за подрачјето на селата Аџиевци, Јанче, Присојница и Скудриње;

14) при Месниот народен одбор во Ростуша за подрачјето на селата Битуше, Велебрдо и Ростуша;

15) при Месниот народен одбор во Сулокук'и за подрачјето на селата Селокуки и Спас;

16) при Месниот народен одбор во Требиште за подрачјето на селото Требиште;

17) при Месниот народен одбор во Џепиште за подрачјето на селата Отишани и Џепиште.

### е) Делчевска околија

1) при Градскиот народен одбор во Делчево за подрачјето на градот Делчево и селата Очипаре, Полето, Чифлик и Шопје;

2) при Месниот народен одбор во Бигла за подрачјето на селата Бигла, Илиово, Тодоревци и Турија;

3) при Месниот народен одбор во Вирче за подрачјето на селото Вирче;

4) при Месниот народен одбор во Габрово за подрачјето на селото Габрово;

5) при Месниот народен одбор во Град за подрачјето на селата Град и Стамер;

6) при Месниот народен одбор во Драмче за подрачјето на селото Драмче;

7) при Месниот народен одбор во Звегор за подрачјето на селото Звегор;

8) при Месниот народен одбор во Каменица за подрачјето на селата Дулица и Каменица;

9) при Месниот народен одбор во Киселица за подрачјето на селата Ветрен, Киселица и Солник;

10) при Месниот народен одбор во Косевица за подрачјето на селата Косевица и Моштица;

11) при Месниот народен одбор во Луковица за подрачјето на селата Братиславци, Костин Дол и Луковица;

12) при Месниот народен одбор во Панчарево за подрачјето на селото Панчарево

13) при Месниот народен одбор во Разловци за подрачјето на селото Разловци;

14) при Месниот народен одбор во Саса за подрачјето на селото Саса;

15) при Месниот народен одбор во Стар Истевник за подрачјето на селата Нов Истевник и Стар Истевник;

16) при Месниот народен одбор во Тработивиште за подрачјето на селото Тработивиште.

### ж) Демирхисарска околија

1) при Месниот народен одбор во Вирово за подрачјето на селата Боиште, Вирово, Лесново и Церово;

2) при Месниот народен одбор во Граиште за подрачјето на селата Бараково, Вардино, Граиште, Единаковци и Сбега;

3) при Месниот народен одбор во Доленци за подрачјето на селата Бабино, Базерник, Брезово и Доленци;

4) при Месниот народен одбор во Жван за подрачјето на селата Жван, Мренога, Слојштица, Сопотница и Суво Грло;

5) при Месниот народен одбор во Железнец за подрачјето на селата Големо Илино, Железнец и Мало Илино;

6) при Месниот народен одбор во Загориче за подрачјето на селата Загориче, Обедник, Стругово и Утово;

7) при Месниот народен одбор во Мургашево за подрачјето на селата Белче, Демир Хисар, Кутретина Мургашево, Слепче и Суводол;

8) при Месниот народен одбор во Прибилци за подрачјето на селата Журче, Прибилци и Сладуево;

9) при Месниот народен одбор во Растојца за подрачјето на селата Зашле, Кочишта, Ново Село, Радово, Ракитница и Растојца;

10) при Месниот народен одбор во Смилево за подрачјето на селото Смилево.

### з) Г'орче-петровска околија

1) при Месниот народен одбор во Бардовци за подрачјето на селата Бардовци и Визбегово;

2) при Месниот народн одбор во Блаце за подрачјето на селото Блаце;

3) при Месниот народен одбор во Бојани за подрачјето на селото Бојани;

4) при Месниот народен одбор во Букович за подрачјето на селата Арнакија, Букович, Ласкарци, Паничари, Раович, Семениште и Чајлани;

5) при Месниот народен одбор во Волчи Дол за подрачјето на селата Волчи Дол, Грачани, Кучково, Никиштане и Орман;

6) при Месниот народен обор во Глумово за подрачјето на селата Глумово, Грчец, Крушопек, Матка и Шишево;

7) при Месниот народен одбор во Г'орче Петров за подрачјето на селата Влае, Г'орче Петров, Злокук'ани и Ново Село;

8) при Месниот народен одбор во Оризари за подрачјето на селата Горно Свилари, Долно Свилари, Кондево, Лубиш, Оризари и Сарај;

9) при Месниот народен одбор во Радуша за подрачјето на селата Дворце, Радуша и Рудник Радуша;

10) при Месниот народен одбор во Рашче за подрачјето на селата Копаница и Рашче;

11) при Месниот народен одбор во Танушевци за подрачјето на селото Танушевци.

**ѕ) Кавадарска околија**

1) при Градскиот народен одбор во Кавадарци за подрачјето на градот Кавадарци и селото Глишик';

2) при Градскиот народен одбор во Неготино за подрачјето на градот Неготино и селото Тимјаник;

3) при Месниот народен одбор во Бегниште за подрачјето на селата Бегниште, Гарниково, Дабниште, Драгожел, Кошани и Ресава;

4) при Месниот народен одбор во Бистренци за подрачјето на селата Бистренци, Војшанци, Иберли, Калањево, Корешница, Кошарка, Липа и Челевец;

5) при Месниот народен одбор во Бојанчиште за подрачјето на селата Бојанчиште, Конопиште и Куманичево;

6) при Месниот народен одбор во Бохула за подрачјето на селата Бохула, Радња и Чемерско;

7) при Месниот народен одбор во Ваташа за подрачјето на селата Бунарче и Ваташа;

8) при Месниот народен одбор во Возарци за подрачјето на селата Брушани, Возарци и Шивец;

9) при Месниот народен одбор во Демир Капија за подрачјето на селата Демир Капија, Драчевица, Дрен, Клисура, Копришница и Чифлик;

10) при Месниот народен одбор во Долни Дисан за подрачјето на селата Вешје, Горни Дисан и Долни Дисан;

11) при Месниот народен одбор во Дреново за подрачјето на селата Галиште, Грбавец, Дебриште, Драдња и Дреново;

12) при Месниот народен одбор во Криволака за подрачјето на селата Брусник, Криволака, Пепелиште, Пештерница и Цидимирци;

13) при Месниот народен одбор во Крнево за подрачјето на селата Барово, Горна Бошава, Долна Бошава, Крнево, Страгово и Стрмашево;

14) при Месниот народен одбор во Манастирци за подрачјето на селата Манастирци, Рибарци и Трстеник;

15) при Месниот народен одбор во Мрежичко за подрачјето на селото Мрежичко;

16) при Месниот народен одбор во Прждево за подрачјето на селата Бесвица, Прждево и Тревник;

17) при Месниот народен одбор во Раец за подрачјето на селата Кесендре, Раец и Фариш;

18) при Месниот народен одбор во Рождон за подрачјето на селата Клиново и Рожден;

19) при Месниот народен одбор во Росоман за подрачјето на селата Паликура и Росоман;

20) при Месниот народен одбор во Сирково за подрачјето на селата Камен Дол, Крушевица, Мрзен, Ораовец и Сирково;

21) при Месниот народен одбор во Сопот за подрачјето на селата Курија, Марена и Сопот;

22) при Месниот народен одбор во Шешково за подрачјето на селата Добротино, Праведник и Шешково.

**и) Кичевска околија**

1) при Градскиот народен одбор во Кичево за подрачјето на градот Кичево;

2) при Месниот народен одбор во Брждани за подрачјето на селата Белица, Брждани, Видрани, Јудово, Козица и Свињиште;

3) при Месниот народен одбор во Длапкин Дол за подрачјето на селата Бачишта, Грешница, Длапкин Дол, Колибари, Лешница, Речани и Трапчин Дол;

4) при Месниот народен одбор во Доленци за подрачјето на селата Бериково, Доленци, Јагол, Папрадиште и Поповјани;

5) при Месниот народен одбор во Другово за подрачјето на селата Другово, Манастирско Доленци, Пополжани и Србјани;

6) при Месниот народен одбор во Зајас за подрачјето на селата Букојчани, Горно Страгомиште, Долно Страгомиште и Зајас;

7) при Месниот народен одбор во Извор за подрачјето на селата Душогубица, Ехловец, Иванчишта, Извор, Кленоец, Малковец и Поповец;

8) при Месниот народен одбор во Колари за подрачјето на селата Колари, Мидинци и Тајмишта;

9) при Месниот народен одбор во Мало Црско за подрачјето на селата Велмевци, Големо Црско, Кладник, Мало Црско, Просгране и Цер;

10) при Месниот народен одбор во Осломеј за подрачјето на селата Жубрино, Осломеј и Црвивци;

11) при Месниот народен одбор во Осој за подрачјето на селата Јаорец, Кнежино, Осој и Раштани;

12) при Месниот народен одбор во Подвис за подрачјето на селата Горно Добреновец, Долно Добреновец, Ловчани и Подвис;

